# Повик за учество во изборот за доделување на Национална награда на компанија со најдобро имплементиран систем за БЗР - 2025



Почитувани,

Националниот совет за безбедност и здравје при работа на Република Северна Македонија, со поддршка од Министерството за економија и труд и оваа година организира **Избор за доделување на Национална награда на компанија со најдобро имплементиран систем за безбедност и здравје при работа**.

Наградата ќе се додели во три категории:

- **мали компании** (до 50 вработени)
- **средни компании** (до 250 вработени) и
- **големи компании** (над 250 вработени)

Оценувањето ќе биде извршено од страна на независни комисии составени од експерти во областа, стручни лица за безбедност при работа и лекари-специјалисти по медицина на трудот.

**Крајниот рок за пријавување на компаниите е 30 мај 2025 година.**

**Пополнетите апликации треба да се доставаат до определениот рок на следните e-mail адреси:**

jasmina.chaloska@mf.edu.mk и

lence.kocevska@economy.gov.mk

Компаниите се охрабруваат да достават и **конкретен пример на добра пракса во областа на БЗР** имплементиран во рамки на компанијата во текот на оваа или на изминатите 2 години (2023-2024) – согласно точката 21 од Барањето за аплицирање. Ве информираме дека позитивните примери на добра пракса ќе бидат дополнително разгледувани и бодувани при евалуацијата, т.е. оценувањето на пријавените компании, а најдобриот пример ќе биде награден.

Планирано е свеченото доделување на годишните награди да се одржи во рамки на одбележувањето на *„Европската недела за безбедност и здравје при работа“*, во октомври оваа година.

Со почит,
**Национален совет за БЗР**
**Министерство за економија и труд**